Прием на странки: четврток од 11:00 до 14:00 часот


**Република Македонија**
**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Гордан Станковиќ**
**именуван за подрачјето**
**на Основен граѓански суд Скопје и**
**Основен кривичен суд Скопје**
**тел: 3239-631;3216-909**
**е-маил:izvrsitel@gstankovic.com**
**Лице за контакт: Мирјана**


Образец бр.66

**И.бр.995/2020**

Извршителот Гордан Станковиќ од Скопје, ул.Петар Попарсов бр.36А врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Еуростандард Банка АД Скопје - во стечај од Скопје со и седиште на ул.Никола Кљусев бр.2, засновано на извршната исправа Нотарски акт ОДУ бр.248/18 од 28.02.2018 година на Нотар Анета Петровска Алексова, против должниците Ешев Ајдарпашиќ од Скопје со и живеалиште на ул.1 бр.132 с.Љубин, и Самела Ајдарпашиќ од Скопје и живеалиште на ул.1 бр.132 с.Љубин, за спроведување на извршување во вредност 6.679.299,00 денари на ден 24.09.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста сосопственост на должниците Ешев Ајдарпашиќ и Самела Ајдарпашиќ во дел од по ½ (една половина) идеален дел од целата недвижност и тоа

1.
недвижност - земјоделско земјиште запишано на имотен лист број 7831 за КО ОРЕШАНИ при АКН ЦКН Скопје со следните ознаки:
ЛИСТ Б
- КП 636, дел 8, место викано КАМЕНИЦА, катастарска култура гз – зпз1 во површина од 548 м2;
- КП 636, дел 8, место викано КАМЕНИЦА, катастарска култура зз – н, класа 3, во површина од 608 м2;
за износ од износ од 637.674,00 денари како почетна цена за продажба на недвижноста

2.
недвижност – објект запишана на имотен лист број 7831 за КО ОРЕШАНИ при АКН ЦКН Скопје со следните ознаки:
ЛИСТ В
- КП 636, дел 8, адреса КАМЕНИЦА, број на зграда 1, намена на зграда Б4-6, влез 3, кат ПР, број 0, намена на посебен дел ДП, во површина од 482 м2;
- КП 636, дел 8, адреса КАМЕНИЦА, број на зграда 1, намена на зграда Б4-6, влез 3, кат ПР, број 1, намена на посебен дел ДЗД, во површина од 61 м2;
и
дополнително попишан дел од недвижноста запишана во Имотен лист 7831 за КО ОРЕШАНИ при АКН ЦКН Скопје, врз основ на –записник за попис на предметна недвижност врз основа на член 239-а став 1 од Законот за извршување од 23.04.2026 година И.бр. 995/2020 на извршител Гордан Станковиќ, составен врз основа на Гоедетски елаборат за геодетски работи за посебни намени –за идентификација и премер на недвижност со деловоден број 0904-13/3 од 26.03.2026 година од изготвена од Друштво за геодетски работи ГЕО МЕТРИК ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје,и тоа за

- објект број 2 со незапишани права на сопственост на КП 636/8 – со габаритна површина од 15 м2 и внатрешна површина од 11м2 налепница број 00000041

настрешница бр 3 на КП 636/8 исто со незапишани права на сопственост – со отворена површина од 40м2 – налепница број 00000040
за износ од износ од 8.954.837,00 денари како почетна цена за продажба на недвижноста

**Продажбата ќе се одржи на ден 22.10.2026 година во 11:00 часот** во просториите на извршител Гордан Станковиќ на ул. Петар Попарсов бр.36А, тел 3239-631, е-маил: izvrsitel@gstankovic.com

**Почетната вредност на горенаведените недвижности**, утврдена со заклучок на извршителот И.бр. 995/2020 од 24.09.2026 година, **износува 9.592.511,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.**

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: хипотеката која се реализира

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето  на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста. Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 250010900648554 која се води кај Шпаркасе банка Македонија АД Скопје и даночен број 5030006240628, најдоцна 1 (еден) ден пред продажбата.

Уплатата на гаранцијата се докажува со увид во посебната сметка на извршителот од датум еден ден пред одржување на продажбата.

Даночните обврски по основ на продажбата паѓаат на товар на купувачот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач-купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

Д.-на:
- доверител
- должници
- Општина Зелениково - Сектор за финансии Одделение за наплата на даноци, такси и други надоместоци
- граничари за земјоделското земшиште

Правна поука: Против овој акт може да се поднесе приговор до надлежниот Основнен суд во рок од три дена од денот на приемот на актот, согласно одредбите од член 86 од Законот за извршување.

Recoverable Signature

X

Дигитално потпишан од
Извршител Гордан Станковиќ
Signed by: Gordan Stankovikj